Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 08-211/3
Дата: 15-05-2023

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-211 од 07.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола против Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита и живот, Одделение за урбанистичко планирање и Членови на Комисија за урбанизам на Општина Битола за извршена дискриминација по основ на етничка припадност и религија и верско убедување во област која подносителот ја наведува како непостапување и неодговарање на барање, врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) на 11.04.2023 година го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

**Се отфрла** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-211 од 07.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола против Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита и живот, Одделение за урбанистичко планирање и Членови на Комисија за урбанизам на Општина Битола за извршена дискриминација по основ на етничка припадност и религија и верско убедување во област која подносителот ја наведува како непостапување и неодговарање на барање, **затоа што постапувањето по адресираниот проблем не е во законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

## Образложение

На 07.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка за заштита од дискриминација бр. 08-211 од, поднесена од [redacted] од Битола против Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита и живот, Одделение за урбанистичко планирање и Членови на Комисија за урбанизам на Општина Битола за

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

извршена дискриминација по основ на етничка припадност и религија и верско убедување во област која подносителот ја наведува како непостапување и неодговарање на барање.

Подноститеот во претставката наведува дека се чувствува дискриминиран по горенаведените дискриминаторски основи откако на 18.04.2022 година поднел Иницијатива за отпочнување (изменување) на постапка за изработка на урбанистички план до надлежните служби во Општина Битола. Во претставката тој ги наведува сите постапки што ги преземал пред служби и институции во врска со неговото барање за измени на ДУП за „Блок 4" Битола, донесен со Одлука на Совет на Општина Битола бр. 09-483/55 на 28.10.2015 година, каде во неговата катастарска парцела бр. КП 15171/10 бил предвиден зелен појас, со цел да се предвидат две маркици за индивидуални станбени згради. Во претставката подносителот ја опишува и поднесува целата писмена комуникација со општинските служби околу реализацијата на неговото барање, за кои наведува дека биле дискриминирачки кон него, заради, како што наведува, неговата етничка и религиска припадност, иако како компартор ја наведува својата сестра – сопственичка на соседната катастарска парцела 15171/9, каде ДУП-от од 2015 година предвидел маркица за градба на деловен простор. Како причина за ова, подносителот во претставката наведува: **„За мене не можеше, за неа можеше. Што мислите? За црни очи или евра?"**

На 04.05.2023 година, подносителот до Комисијата достави Ургенција заведена под бр. 08-211/2, во која замолува да се реши претставката со утврдување на како што наведува: „СУПЕР дискриминација што може да да се види од месечина" и бара Мислењето од КСЗД да му се достави на адреса во Скопје, која е различна од наведената во претставката.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, Комисијата согласно членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да постапува согласно одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за урбанистичко планирање.

Со оглед на наводите од страна на подносителот на претставката што во овај Заклучок се болдирани, Комисијата му укажува на подносителот дека доколку се сомнева или има докази за можни коруптивни дејства во неговиот случај, треба да се обрати до Основното јавно обвинителство или до Државната комисија за спречување на корупција, како институции надлежни за таа проблематика.

Оттука, проблемот што го адресира подносителот не спаѓа во законските надлежности на Комисијата утврдени со Законот за спречување и заштита од

дискриминација па затоа Комисијата донесе Заклучок за отфрлање на претставката поради ненадлежност, како што е наведено во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД